| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Ран зелечук |
| **Содржина на денот** | Вредни раце |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Татјана Јовановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потсетување на правилниот начин на миење на рацете според одреден редослед, одржување на личната хигиена и хигиената во домот . |
| **Активности** | Како вовед разговараме за раниот зеленчук , типичен за рана пролет, кој што го има во нашите краишта. Можеме да се послужиме со зеленчукот кој што го имаме во домот за да го именуваме, опишеме, но може по желба на детето да го вкуси . Потоа предложуваме од пластелин или тесто детето да измоделира некој вид од раниот зеленчук . Пред да започнеме со моделирање се потсетуваме на хигиенските навики при користење на материјалот за работа , користење на подлога за месење , да не се става во уста пластелинот или тестото , миење на рацете по завршување на активноста . Најпрво детето одбира зеленчук кој ќе го изработи , ја одбира бојата за деловите и започнува убаво да го меси пластелинот за да може да го обликува. Можеме и да му помогнеме за да го детализира.<br>Доколку е од тесто го бои и го остава да се суши. Може да изработи неколку модели на зеленчук доколку сака .<br>Потоа наредете ги во кошничка и играјте игра „На пазар”. |